Согласно член 36 став 1 алинеја 1 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и одредбите од Етичкиот кодекс на локалните функционери изготвен од ЗЕЛС и УНДП, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 15.11.2022 година донесе:

# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЛОКАЛНИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

## *ПОГЛАВЈЕ I-ОПФАТ НА КОДЕКСОТ*

**Член 1**
**Предмет на кодексот**

Предмет на овој Кодекс е да се пропишат задолжителните стандарди на однесување на функционерите и да се информираат граѓаните, медиумите, деловната заедница, граѓанскиот сектор како и другите засегнати страни за стандардите на однесување кои фунционерите имаат обврска да ги почитуваат.

**Член 2**
**Значење на изразите употребени во кодексот**

Изразите во овој Кодекс го имаат следното значење:

*Локален функционер* (во понатамошниот текст:функционер) го опфака секое избрано и именувано лице во општината, како и во јавните претпријатија, институциите и другите организации основани од нив;

*Локална самоуправа*-ги опфаќа сите општини во Република Северна Македонија и градот Скопје.

*Должност* ги означува надлежностите што произлегуваат одизбраната или именуваната позиција како и сите активности што ги извршува функционерот во согласност со тие надлежности.

## *ПОГЛАВЈЕ II - ПРИНЦИПИ*

**Член 3**
**Почитување на законите и актите на локалната смоуправа**

Функционерот ја извршува должноста во согласност со законот, актите на локалната самоуправа, Етичкиот кодекс и сите други прописи што ја определуваат неговата должност и секоја своја постапка во целост ја приспособува кон нив.

**Член 4**
**Приоритет на јавниот интерес и негова заштита**

Во извршувањето на должноста, функционерот му служи исклучиво на јавниот интерес а не на директни или индиректни лични интереси, на интересите на поединци или групи поединци или на интересите на политичките партии.

**Член 5**
**Одговорност и отчет пред граѓаните**

Функционерот е избран од граѓаните на локалната заедница или именуван во нивно име и за вршење на должноста е одговорен првенствено и најмногу пред нив, вклучувајки ги и оние граѓани што не гласале за него или занеговата листа на кандидати.

**Член 6**
**Заштита на угледот на Локалната самоуправа**

Во вршење на должноста и во приватниот живот, за времетраењето на мандатот функционерот постапува на начин што нема да му наштети на неговиот углед, угледот на администрацијата на локалната самоуправа или на локалната самоуправа во целина.

**Член 7**
**Заштита на имотот и средствата на локалната самоуправа**

Функционерот е свесен дека имотот и средствата со кои располага и за кои одлучува во вршење на должноста, им припаѓаат на граѓаните на локалната смоуправа и кон нив се однесува крајно одговорно и се грижи тие да се заштитат од злоупотреби.

**Член 8**
**Исполнување на изборната програма и ветувањата**

Функционерот го добива мандатот врз основа на изборната програма и заложбите и во вршењето на должноста се придржува кон нив,настојувајќи со нивно исполнување да го подобри животот на граѓаните и на локалната заедница во целина.

## *ПОГЛАВЈЕ III - КОНКРЕТНИ ОБВРСКИ*

*Глава 1*
*Пред превземање на должноста*

**Член 9**
**Однесување во изборните кампањи**

Функционерот учествува во изборната кампања само со аргументирано спротивставување на програми, а не со клеветење на другите кандидати, политички партии или политичари, други поединци, со употреба на насилство и/или закани, со поткупување или со давање или ветување услуги.

**Член 10**
**Финансирање на изборните кампањи**

Свесен за законските обврски во однос на финанасирањето на изборните кампањи, функционерот нема да се согласи со користење на буџетски средства или средства на јавни фондови и јавни претпријатија за чија било изборна кампања, ниту пак за неа ќе бара или ќе прими средства од нелегални извори.

*Глава 2*
*Извршување на должноста*

**Член 11**
**Откажување од злоупотреба на должноста**

Функционерот свесен за обврските што произлегуваат од законите и прописите на локалната самоуправа, во вршењето на должноста, ниту една своја постапка или активност нема да ја насочи кон злоупотреба на службената положба.

**Член 12**
**Спречување на коруптивно однесување**

Во извршувањето на должноста, функционерот е обврзан да се спротивстави на секое однесување што согласно законите се квалификува како активно или пасивно подмитување или обезбедување поволности на некое лице или субјект.

Во случај на сомневање за тоа дали определено однесување е коруптивно, функционерот постапува согласно со законите и може да се обрати за мислење до антикорупциските институции и до органите за спроведување на законот и постапува согласно со препораките добиени од нив.

**Член 13**
**Спречување на судир на интереси**

Кога во вршењето на должноста функционерот е во ситуација да учествува во одлучување за прашање во кое има личен или било каков друг интерес освен јавниот, секогаш и исклучиво го заштитува јавниот интерес.

Ако функционерот има свој интерес во прашање во чие одлучување учествува тоа ќе го пријави на телото што одлучува за прашањето пред да се почне со постапката по него, ќе побара свое исклучување од одлучувањето и на никаков начин нема да влијае врз оние што одлучуват за него.

**Член 14**
**Ограничување на истовремено вршење на две или повеќе функции**

Функционерот не може истовремено да врши повеќе од една избрана или именувана, локална или државна должност, како и каква било друга

позиција што може да го спречи или да го оттргне од извршувањето на неговата должност во локалната самоуправа.

Особено не може да биде во позиција да врши надзор над сопствените задолженија во локалната самоуправа, ниту пак да биде ангажиран во активности од кои произлегува очигледен и неизбежен судир на интереси.

**Член 15**
**Примена на дискреционите овластувања**

Дискреционите овластувања се користат по исклучок и согласно со законите и актите на локалната самоуправа а функционерот што донел таква одлука е должен да има и на барање да даде детално објаснување за основите ипричините за таквата одлука.

**Член 16**
**Ограничување на примање и давање подароци**

Функционерот не бара, не прима, ниту допушта друг во негово име да прифати или да даде подароци, услуги, гостопримство или друга лична корист поврзана со вршење на должноста, освен изрази на благодарност со симболична вредност, чиј износ е пропишан со закон или со акт на локалната самоуправа.

**Член 17**
**Почитување на буџетската и финансиската дисциплина**

Функционерот одговорно се однесува кон буџетот на локалната самоуправа и странската помош, особено кон задолжувањето на општината надвор од предвидените буџетски ставки и и доследно се придржува до актите што го регулираат финансиското работење.

*Глава 3*
*По напуштањето на должноста*

**Член 18**
**Ограничување на поволности по напуштање на должноста**

По напуштање на должноста ,функционерот не се ангажира на работа во приватни фирми врз кои, во време на мандатот, вршел надзор или воспоставувал договорен однос.

## *ПОГЛАВЈЕ IV - НАЧИНИ НА НАДЗОР*

*Глава 1*
*При превземање на должноста*

**Член 19**
**Утврдување на изворите и трошоците за кампања**

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа а се насочени кон утврдување на изворите на финансирање на неговата кампања и висината на трошоците за неа.

*Глава 2*
*Во извршување на должноста*

**Член 20**
**Пријавување на интересите**

Функционерот доследно ги почитува прописите за пријавување на имотната состојба, личните и семејните интереси.

**Член 21**
**Придржување до внатрешните и надворешните мерки на надзор**

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа а се насочени кон надзор над неговата работа .

**Член 22**
**Обврска за пријавување на коруптивно барање и однесување**

Ако функционерот дознае за коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа, должен е тоа веднаш да го пријави на институциите за спречување на корупцијата и на органите на прогонот.

**Член 23**
**Заштита за предупредувачите**

Функционерот ги почитува и ги заштитува другите функционери или вработените во администрацијата на локалната самоуправа кои заради заштита на јавниот интерес предупредуваат на коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа.

## *ПОГЛАВЈЕ V – ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА*

**Член 24**
**Јавност во донесувањето на одлуките**

Функционерот е должен да даде детални причини за донесените одлуки и постапки, освен за оние што со пропис се прогласени за доверливи, при штоособено внимание им обрнува на факторите што потврдуваат дека се таквите постапки во согласност со прописите и дека се во јавен интерес.

## ПОГЛАВЈЕ VI - ОДНОСИ СО ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

**Член 25**
**Вработувања и унапредувања во во локалната самоуправа**

Функционерот се залага за спречување на вработување и унапредување во администрацијата на локалната самоуправа врз основа на кои и да е други начела освен начелата на стручност, компетентност и покажани позитивни резултати во работата.

**Член 26**
**Почит кон вработените во локалните органи на власта**

Функционерот ги почитува и професионално се однесува кон вработените во администрацијата на локалната самоуправа, без оглед на нивната етничка, верска и политичка припадност или убедување и од нив не бара да се однесуваат на незаконси, коруптивен или неетички начин.

**Член 27**
**Унапредување на работата на локалната самоуправа**

Во рамките на својата должност, функционерот се залага за подобрување на условите за работа, мотивираноста, и отчетот на администрацијата на локалната самоуправа, особено за ефикасноста и ефективно обезбедување на услугите на граѓаните.

## ПОГЛАВЈЕ VI I - ОДНОСИ СО МЕДИУМИТЕ

**Член 28**

**Активна и пропорционалана транспарентност**

Функционерот одговара исцрпно, искрено и целосно на секое барање од медиумите што се однесува на информации во врска со вршење на неговата должност, но нема да дава доверливи информации или информации во поглед на приватниот живот на функционерот или на трети лица

Функционерот ги поттикнува и промовира мерките што служат за подобрување на мерките за медиумската покриеност на неговите овластувања, извршувањето на неговите задолженија и функционирањето на службите и одделите што се под негово раководство.

Во случај да нема доволна медиумска покриеност на општинските активности, со што би се обезбедила информираност на јавноста, функционерот ќе превземе соодветни програмски иницијативи за да се обезбеди таква покриеност.

## *ПОГЛАВЈЕ VIII – ИНФОРМИРАЊЕ , ДИСТРИБУЦИЈА ИПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА*

**Член 29**

**Поддршка на спроведувањето на Етичкиот кодекс**

Функционерот ги почитува медиумите, деловната заедница и граѓанскиот сектор и бара активна поддршка од нив во поттикнувањето на свеста за потребата за етичко однесување.

**Член 30**

**Прифаќањe на Етичкиот кодекс од функционерите**

Пред стапување на должност, функционерот по писмен пат потврдува дека ги разбрал и ги прифаќа обврските од овој Кодекс и дека ќе се однесува во согласност со нив, што е неформален услов за превземање на должноста и започнување на нејзиното вршење.

**Член 31**

**Прифаќање на Етичкиот Кодекс од кандидатите на изборите**

Како потврда на намерата да се однесуваат етички и одговорно ако бидат избрани или именувани, кандидатите за функционери во локалната самоуправа можат писмено да го прифатат овој Кодекс.

**Член 32**

**Објавување на Етичкиот Кодекс**

Во рамките на можностите, локалната самоуправа превзема мерки за што поширока дистрибуција на Кодексот со цел-со него да бидат запознаени сите вработени во локалната самоуправа и колу што е можно поголем број граѓани, медиуми и невладини организации.

**Член 33**
**Следење на спроведувањето на Кодексот на ниво на локалната самоуправа**

Советот на локалната самоуправа може да основа тело за следење на почитувањето на овој Кодекс, кое може на функционерите, граѓаните и на медиумите да им дава објаснување за суштината на Кодексот, како и за деталите околу неговото спроведување.

**Член 34**
**Следење на спроведување на Кодексот на државно ниво**

Со прифаќањето на овој Кодекс, функционерот ја прифаќа и надлежноста за следење на неговото почитување од страна на тело на државно ниво кое би можело да биде формирано или одобрено од Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

**Арх.бр.** 17 - 1389/6
**Датум:** 15. 11. 2022

**Совет на ОпштинаДемир Хисар**
**Претседател,**
**Љупчо Најдовски**